СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 53-ТА СЕДНИЦА - ПЕТТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 6.ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА**


1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 22, 26
2. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 30
3. ГОШЕВ ТУШЕ - 4
4. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 3
5. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 13, 39
6. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 42
7. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 15
8. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 23
9. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 45
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 42
11. ПОПОВОКИ КИРО - 10, 17
12. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 10, 14, 37, 39
13. ПЕТРОВ ТОДОР - 5, 31
14. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 36
15. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 11, 35, 39, 41, 44
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 15, 25, 43
17. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 6
18. ТОШЕВ БЛАГОЈА - 27, 35
19. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 18, 23, 34
20. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 11
21. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 7, 9, 11
22. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 12, 17


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,одржана 6 јануари 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Стоиле Стојков, Ванчо Златанов, Васил Зимбаков, Благоја Чкатроски, Кирил Ковачевски и Никола Стојановски, го најавија своето отсуство.

Констатирам дека на седницата се присутни мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Почитувани пратеници, бидејќи по Предлогот за донесуваше на закон за изменување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со Предлог на закон се поднесени амандмани што суштински го менуваат текстот на Законот, ви предла-ам оваа точка да ја поместиме при крајот за да се создаде простор во меѓувреме да може да заседава и Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК.

Дали се согласувате да продолжиме со работа по точката 17, а оваа да ја разгледаме на крајот? (Се согласуваме).

Минуваме на **точката 17** - Предлог за донесување на закон за начинот и постапката на усогласувањето на работењето на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска дејност на територијата на

Република Македонија а имаат седиште на територија- та на другите републики на поранешна СФРЈ, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Комисијата за општествено - политички систем ви се доставени, односно поделени.

Законодавно - правната комисија не го гледала Законот пора- ди немање присуство на предлагачот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, овој закон има големо значење за практичната работа на стопанството, меѓутоа ЗПК не го гледала од причини што и претседавачот ги изнесе, што на седницата немаше присуство на претставник на Владата.

Синојка, а и пред почетокот на оваа седница се слушнав со министерот, тој изјави дека е негова желба односно барање овој закон да оди на оваа седница. Меѓутоа и покрај мојата желба да создадам кворум на Законодавно - правната комисија, фактички не сум во состојба. Тука на седницава на Собранието од членовите на Комисијата присуствуваат пет, а нашиот минимум на Комисијата се седум пратеници. Со некои од надворешните членови закажавме седница, во текот на седницава, ако имаат можност да дојдат.

Затоа би предложил Собранието да продолжи со работа по точката 18, а оваа, како и претходната да се одложат за подоцна за да можеме да направиме напор и овој Предлог на закон да се разгледа во Законодавно - правната комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате со предлогот на претседателот на Законодавно - правната комисија?

I/3.-

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Комисијата за стопанство го разгледа предложениот закон и би замолил, доколку е во функција на донесувањето на самиот за- кон, во делот на тоа што го предложи претседателот на Законодавно- правната комисија, до колку не е спорно и до колку самиот закон е гледан и самите членови на Законодавно - правната комисија можат да учествуваат во расправата, да не се одолжува донесувањето на овој закон од причина што оваа седница веќе има повеќе одложувања. Сметам дека самиот закон е од суштинско значење за претпријатијата што имаат свои делови, посебно за деловите што делуваат во Република Македонија за уредување на сопствениот статус и да пристапат кон уредување на статусот според самиот закон, поради тоа што голем дел од таквите делови на тие претпријатија веќе имаат проблеми со својот статус и уредувањето на статусните промени поради тоа што Уредбата што Владата ја донесуваше на повеќе наврати е менувана. Сега сме почеток на година и сигурно дека тие делови би требало да ги уредат своите односи на почетокот на годината и својот статус да го уредат според Законот кој не е спорен и Уредбата.

Од тие причини предлагам доколку е можно, а и членовите на Законодавно - правната комисија, тие што се тука присутни, да се пристапи кон донесувањето на самиот закон бидејќи сметам дека нема пречки за негово донесување од Законодавна природа доколку има не- какви пречки да се изнесат сега на седницата и мојот предлог е да не се одолжува донесувањето на овој закон, туку по итна постапка да се пристапи кон негово донесување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак мислам дека деловнички сме обврзани за став на Комисијата, а не на членови на Комисијата.

I/4.-

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ :**

Јас би предложил да се сослуша сепак министерот за финансии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имаме предлог точкава 17 да се гледа на крајот од седницата за да создадеме можност Законодавно - правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет да изградат став.

Дали претставникот на Владата се согласува со ова?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека од матичната комисија за стопанство имаме извештај и го гледала, го прифатила законскиот проект со тоа што ги гледала и амандманите на господин Петров и тие се прифатени. Исто и од Комисијата за политички систем е гледано и прифатено. Единствено останува ЗПК да го погледне законскиот проект.

Согласно на тоа што законскиот проект не е ниту сложен ниту обемен, се состои од 11 членови кои мериторно расправаат одре- дена материја, предлагам Законодавно - правната комисија во меѓувреме да го погледне законскиот проект и го каже своето мислење.

Во прилог на ова да кажам дека согласно на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија "Службен весник" 40/92, а Одлуката заведена под број 43/90 каде се кажува дека Уредба не можат да бидат регулирани тие односи, ги укинува двете одлуки донесени од Владата на Република Македонија во "Службен весник" број 2/92 и 2/92 и упатува дека овие односи треба да бидат регулирани со донесување на закон. Сметам дека Законодавно - правната комисија во оваа насока не би требало да има, затоа што и самиот Уставен суд упатува дека оваа материја треба да биде расправана со закон.

I/5.-

Предлагам господинот Стојановски да закаже седница на Законодавно - правната комисија во меѓувреме и го погледнат законскиот проект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Стојановски се обидел да закаже седница на Комисијата, меѓутоа не можел да обезбеди присуство на членовите. Само пет членови од Комисијата се присутни.

Сепак, јас предлагам, како што се договоривме ова да биде при крајот на седницата а во меѓувреме да се направи напор од Службата да се создаде можност Комисијата да се состане.

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка "Република Македонија - Цвеќе на мирот", со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас барам само министерот за финансии, бидејќи е претставник по овој Предлог на закон да даде една кратка информација до пратениците во врска со тоа кој ќе ја печати и издава оваа марка.

Еве зошто, затоа што незнам како е регулирано прашањето на издавањето на марките во посебен закон за ПТТ сообраќајот или некој друг закон, меѓутоа во предложениот текст на законот, ние имаме и еден друг таков закон за издавање една друга марка, не се наведува воопшто кој ќе ја

издава. Ако имаме институција што се занимава со ПТТ сообраќај, чиј основач е Републиката, тогаш не гледам причина зошто да не се наведе тоа и во законот или се под- разбира од посебните закони дека ПТТ Македонија ја издава марката, за да не остане дилемата дали, ако средствата што се собираат со даден закон при издавање марка, марката си ја издава институцијата за која се наменети средствата.

Во конкретниов случај, бидејќи средствата се за хуманитарни активности на Црвениот крст на Македонија, дали се подразбира, бидејќи тоа не е наведено во конкретна одредба, дали издавањето на оваа марка ќе ја издаде Црвениот крст на Македонија, бидејќи кога ќе дојдеме на наредниот Закон за издавање марка по повод 100 годишнината од ВМРО пак се наменети за некои активности, меѓутоа кој ќе ја издаде марката? Дали Одборот што ќе ги спроведува тие активности?

Затоа сакам тоа или во форма на амандман да биде вградено во текстот на законот или, ако се подразбира дека постои таква одредба кој конкретно ги издава марките во Републикава според друг посебен закон да не информира министерот пред донесувањето на овој закон.

**СЛАВЈАНКА С.ТОЈАНОВА:**

Само да кажам нешто во врска со членот 2 од овој закон на кој што и Владата има поднесено амандман.

Во овој член стои дека оваа марка, како што е предвидено, треба два месеци да се плаќа на сите поштенски пратки. Но, бидејќи денеска сме 6 јануари, а и со амандманот на Владата што е доставен стои дека наместо од 1 ноември до 31 декември 1992 година ќе се плаќа оваа поштенска марка, да се замени со зборовите од 1 декември 1992 до 31 јануари 199 3 година. Бидејќи веќе месец декември е поминат, го начнавме и месец јануари, овој закон, како што стои во последниот член влегува во сила

I/7.-

осмиот ден од денот на објавувањето, излегува дека нема да се плаќа ниту 15 дена.

Предлагам, бидејќи денеска го согледав, а сметам дека нема да има сврха оваа марка ако за толку кратко време се плаќа, сигурно тие марки се веќе испечатени и треба да почнат веднаш со нивна примена, тогаш во членот 2 би требало да стои крајот на февруари барем, за да има сврха оваа марка. Или некој друг датум, бидејќи така како е предложено, а сигурно тоа е меѓу другото и пора- ди тоа што не сме имале Собрание а овој закон е поднесен уште на 5 октомври, сметам дека тука треба нешто да се направи поради целисходноста на донесувањето на овој закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во врска со времето кога ќе се плаќа марката, Владата го согледа тој проблем и предлага марката да се плаќа од 1 февруари до 31 март. Предлагаме така да стои во законот.

Инаку, во врска со другите прашања што ги постави господинот Тодор Петров, мислам дека е вообичаено, не е прв пат да се издаваат вакви марки. Сите обврски се всушност стручни на поштата и таа е овластена, склучува договор со стручни организации за издавање. Наведено е каде одат приходите. Така што цениме дека нема потреба од додатни членови. Законот, ваков каков што е ќе биде спроведен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ние сепак сме обврзани деловнички и мора амандманот да биде поднесен писмено, во писмена форма.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да го одложиме и ова Владата да може писмено да поднесе.

I/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе испадне дека сите ги одлагаме.

Тогаш Владата да го формулира амандманот во писмена фор- ма и да го достави до пратениците.

Бидејќи сега сме навистина спречени сега да расправаме без амандманот, сепак да одиме на точката 19, а во меѓувреме да се вратиме на точката 18 доколку амандманот биде доставен до пратениците.

Минуваме на **точката 19** - Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработка на книжни и ковани па- ри, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Бидејќи Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон е од строго доверлив карактер, согласно член 70, став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието треба да одлучи дали ќе работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

II/1 jj /вц

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ние имаме најавено 6 0 и нешто пратеници. Молам уште еднаш од службата да бидеме известени зошто во меѓувреме дојдоа и други пратеници, за тоа колку точно пратеници се присутни во салата. Во салата се присутни 69 пратеници. Според тоа не можеме ниту по оваа точка да работиме.

Дали господинот министер ќе каже нешто.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Материјалот има ознака "строго доверливо" од Владата. Потребно е да има став на Владата, иако треба пауза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одиме понатаму заштo за ова сепак, треба да има став на Владата зашто се менува карактерот на материјалот. Ние овде немаме двотретинско мнозинство за да може Парламентот да одлучи.

Значи и оваа точка ја одлагаме за при крајот на седницата.

Минуваме на **точката 20** - Предлог за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка - 100 години од основањето на ВМРО со предлог на закон, со предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка - 100 години од основањето на ВМРО.

II/2

Кој е за заклучокот молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

48 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (4)

Дали има воздржани? (5)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (45 пратеници)

Дали е некој против? (2)

Дали има воздржани? (4)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Овде го нема предлагачот пратеникот Голубовски.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По повод законот до Собранието е доставено на 2 4 декември 1992 година едно мислење на Владата на Република Македонија. Бидејќи мислењето на Владата е спротивно на актот што е предложен јас отворено ги прашувам овде овие тројца министри кои овде изгледа својата работа си ја гледаат, а не ја следат седницата, дали имаат намера да го актуализираат и да го бранат мислењето на Владата, или се овде дојдени да си седат. Ако не се спремни, нека кажат јас ќе го бранам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се јавив поради ваквиот дрзок однос и обраќањето до членовите на Владата и министрите. Мислам посебен

респект треба да се има спрема сите членови на Владата. Не треба со ваков однос да се обраќаме. Секои потреби се искажуваат и упатуваат. Нема потреба со ваков навредлив однос да се обраќаме спрема Владата. Тоа е Влада на Република Македонија. Сите членови треба да имаат посебен третман во односите на сите пратеници.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не настапи момент претставниците на Владата да го бранат мислењето на Владата затоа што никој мислењето на Владата не го нападна. Апсолутно ниеден пратеник не го нападна мислењето на Владата за да некој од претставниците на Владата станат и го бранат. Кога стануваат, јас се извинувам, зборувам за напад и одбрана што не е вообичаено, ниту е потребно. Во Парламентот нема напад и одбрана. Има расправа. Расправа има а не мора да се согласуваме. Да имаше критичка расправа за мислењето на Владата ќе ценевме и ќе излеземе тогаш кога ние ќе процениме. Ако мислиме и цениме да останеме на тоа што пишува во Мислењето на Владата ние повторно не стануваме тоа да го браниеме. Овде немавме повод и причина да станеме и да бранеме ниту да одговараме. Ве молам вака да се сфати ова.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Излегов да го поддржам господинот Поповски. Тој има право, бидејќи тој вели дека мислењето на Владата е во спротивност со она што ние заклучивме овде. И навистина ако Владата на неколку наврати гледам јас такви работи, ако членовите на Владата не се способни да бранат свои идеи, нека и не седат тука.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници предлагачот на овој закон е пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ а не господинот Голубоски, и со тоа ја

расчистуваме. Понатаму сакам да кажам дека овој предлог на закон е во духот на заклучокот што го усвои ова собрание во времето кога е донесена одлуката за формирање на одбор во чест на 100 годишнината од ВМРО. Значи ништо не е спротивно.

Законодавно - правната комисија и соодветниот матичен одбор немаат никакви забелешки на предлогот на закон. Од тука ако Владата дава мислење, знаеме каква е судбината на мислењето. Тоа не е задолжително и овој Парламент треба да се однесува со целото внимание на заклучоците што ги усвоија Законодавно - правната комисија и соодветната матична комисија. Сметам дека мислењето на Владата не е меродавно во случајот и треба да се пристапи кон донесувањето на законот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека непотребно створивме нервоза, бидејќи мислењето на Владата не е против да се издаде марка, туку против донесување на закон за издавање на поштенска марка по повод 100 години јубилеј на ВМРО. Според тоа нема потреба од нервоза. Треба да го прочитаме што е тоа што Владата го кажува. Владата вели со оглед на тоа се предлага издавање на пригодна марка по повод одбележувањето на јубилејот, а не донесување на закон. Ова се предлага бидејќи доплатната поштенска марка во својата суштина е еден вид данок. Ова е разликата што е во мислењето на Владата и предложениот закон. Ние како пратеници овде најсериозно треба да размислиме. Овде не е никој против издавањето на пригодна марка по повод овој јубилеј. Има против издавање на поштенска доплатна марка која е еден вид данок. И прашање е

**ОД МЕСТО ПОВЕЌЕ ГЛАСОВИ:**

Марката за цвеќето на мирот.

II/5

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Марката за цвеќето на мирот е од хуманитарен карактер. Тука таа не треба многу да се меша. Ве молам не упаѓајте на конференција што би се рекло сред село.

Ова е причината за која овој Парламент треба да се определи за мислењето на Владата бидејќи Владата нема против издавање на пригодна марка туку против донесување на закон со кој ќе се издаде поштенска марка и со тоа ќе се воведе своевиден данок.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Директно да кажам ставот на Владата е неприфатлив и неправилен. Кога се носи закон и дали ќе се донесе одлучува Собранието, бидејќи тоа е негов основен предлог. Кога се носат одлуки или уредби за тоа одлучува самата Влада. И тоа е фактички мешање во предметот на работењето на Собранието. Правилен е заклучокот на сите комисии дека се поддржува предлогот на текстот нема приговор и сами се обврзавме дека не треба одлука туку со закон овој предмет да го регулираме оваа поштенска марка - 100 години од ВМРО. Значи ние утврдуваме дали и во кои услови се носи закон и таков закон ние донесуваме, а таков заклучок имаме од претходната седница. За одлуки, кога ќе си носи одлучува самата Влада. Неправилен е ставот на овие наши комисии односно т.е., Законодавно - правна комисија за буџет и финансии го поддржува и текстот може да се прифати.

Второ, ние веќе донесовме заклучок. Претседавачот предложи дека има потреба да се носи закон и кој е за. Ние ја изгласавме потребата од законот и не може сега да се враќаме на почетокот. Така повторно би сме се негирале. Ние утврдивме дека има потреба ова прашање да се регулира директно со донесување на закон. Сега само на текстот може да се приговара.

II/6

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека принципиелно ова собрание треба да расчисти една работа. Ние можеме за сите намени за кои ни требаат пари во Собранието, од една страна во буџетот викаме не ги оптоварувајте граѓаните, а од друга страна да велиме ај доплатна марка за таа намена. Во овој момент во Собранието во процедура се три закони кои бараат поштенска марка во износ 50% од цената на поштенската марка за услугата. Една е за цвеќе на мирот. Сега е една за 10 0 години од основањето на ТМОРО и една е во процедура од Реформската партија за финансирање на нашите олимпијци за учество во летната олимпијада во 1996 година. Сите се по 50%. Тоа значи дека во еден период и сите три ќе бидат на сила и ние практично предлагаме секој кој што во Македонија праќа писмо покрај 100% вредноста на марката што ќе ја стави за поштенската услуга да доплати уште 150% еднаш 50% за цвеќе на мирот, еднаш за ова, за она, треба малку да размислиме. Тоа е едната работа.

Втората работа е каква пракса воведуваме? За се што нема државата пари,а има некоја партија интерес, ајде ние сега тоа да го ставиме на поштенска марка 50%. Ние нема да можеме утре да стопираме било кого да понуди и да не му усвоиме за 50% закон за вредност на поштенската услуга за да доплати марка. Тоа навистина е веќе оданочување како што пишува во предлогот на Владата. Затоа мислам дека е многу прифатливо мислењето на Владата, таа марка да не биде доплатна марка, туку да биде при- годна марка, како што е таму напишано која нормално ќе се залепува на поштенските пратки како марките за плаќање на услуга и нема да биде само за внатрешниот поштенски сообраќај со важност, туку ќе има важности за меѓународниот поштенски сообраќај, доколку е можно според тие меѓународни правила. За тоа мислам дека е многу битно сега ова мислење

на Владата сега да го испочитуваме, зашто три марки во оваа собраниска сесија носиме и незнам уште колку може на тој начин да продолжиме да ги носиме за доплатни марки.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас овде дословно ќе ви го прочитам законот - за плаќање на доплатна поштенска марка - 100 години од основањето на ВМРО- Од претходната дискусија можев да разберам дека се работи за марка ВМРО-ДПМНЕ. Незнам дали за таква марка би гласала. Меѓутоа, во овој случај не се работи за марка која што ќе зборува за една партија во моментов застапена во Парламентот, туку се работи за историската организација ВМРО, а за нејзиното значење мислам не треба да се зборува, затоа што протекторат над ВМРО ниту има оваа партија ниту ќе има било која друга партија. Според тоа, мислам дека не треба да појдеме од позиции дали името на некоја партија ќе биде застапено - дел од името, на марка или не, бидејќи се работи за едно наше историско наследство кое што треба да го чуваме. Недвосмислено е за мене овој закон да го гласаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас дадов предност на госпоѓа Марковска таа кажа доста зборови кои имав намера да ги кажам, ги употреби. Меѓутоа сакам само едно да кажам - се работи, навистина, за предлог-закон за доплатна марка. Владата, дали прочитала или не прочитала, тоа е нејзина работа. Не се лутам. Ниту имам право тоа да го правам. Владата има право да каже има право или не и ние можеме да го прифатиме нејзиниот предлог или да не го прифатиме. Меѓутоа, Владата вели сакаме да се донесе закон како е предложено.

Јас незнам точно, господава, што сакаат да кажат со тоа, дали не го прочитале името на законот, па чуле нешто од Владата што кажала и сега еве јас, ако не сакаат министрите, јас тоа ќе го правдам и овде ќе ни држи предавања. Меѓутоа тоа е една работа - данок на достоинство не се гледа. Достоинството на македонскиот народ е ВМРО. И ние 100 годишно достоинство кое што ни го оспорувале и цареви и кралеви и апсолутисти, со овој начин ќе го решаваме овдека. Вака ли ќе бидеме патриоти за Македонија. Ќе правиме држава или ќе ја растураме.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Незнам дали има потреба од дискусија од овој тип. Незнам што е спорно овде. Дали издавањето на пригодна марка за одбележување на овој јубилеј која нема да се плаќа, ќе го намали значењето на јубилејот, или пак поштенската марка која што е своевиден данок ќе го позголеми значењето на јубилејот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ** *:* (продолжение)

Што е спорно не ми е јасно,навистина нема причина сега да се имплицираме овде, дали е некој патриот, или не е патриот, дали треба вака или онака. Едноставно нема никој против оваа работа, но се разликуваме во тоа што едни велиме да се издаде марка, по повод овој јубилеј која ќе биде пригона и нема да се плаќа, нема да биде данок, другите предлагаат да се издаде поштенска марка кој е своевиден данок. г-динот Никола Поповски овде добро објасни, немаше намера никој да навреди, ниту било што негативно да направи, едноставно објасни што е тоа штос е предлага бидејќи има три закони со кој предвидуваме своевиден данок преку тие поштенски марки. Нема никаква причина да се одви во крајности и овде да се навре- дуваме. Јас колку што се сеќавам исто така кога се расправаше за формирање на одбор за одбележување на 100 години на ВМРО, мислам дека се кажа дека одборот е добро тие работи да ги предлага а не сега ние да предлагаме кому што ќе му падне на памет и да е расправаме непотребно, иако сме сите за тоа да се одбележи овој јубилеј.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно умешно е и кога нема спорни работи да ги направиме и до крај да ги работите во друга насока насочени, што мислам дека за јавноста ќе се добие впечаток дека некој во оваа сала или некој граѓанин е против во Македонија за издавање на било каква марка за ова. Имав впечаток дека во извештаите на комисиите не гладам реакција по мислењето на Владата

III/2.-

Не знам дали и комисиите го имале предвид кога расправале Мислењето на Владата, тоа не е мислење што г-динот Поповски овде го изнесува, тоа е званично мислење во писмена форма доставено до Собранието. Затоа мислам дека целиот проблем ќе го надминеме претпоставувам ако малку се седне и разговара што е што, па во таа функција од име на пратеничката група на Социјалистичката партија би предложил 10 до 15 минути пауза членовите н а Владата да се усогласат и да нема пред јавноста расправии, за да не се добие погрешен впечаток дека се има некоја резерва во однос на прославата или во однос на марката. Да се усогласат кое е најприфатливо решение за конкретниот случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немаме никаква причина да го одбиеме предлогот за пауза. Објавувам пауза од 30 минути, а во меѓу време претставниците на предлагачот и Владата да се обидат да се договорат и амандманот на Владата "Македонија цвеќе на мирот" да биде умножено за пратениците.

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Застанавме на општиот претрес по Предлогот на законот за плаќање на доплатна поштенска марка 100 години од основањето на ВМРО со предлог на закон.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, кога расправаме за било кое прашање што е на дневен ред на нашите седници, сосема е јасно дека треба да се трудиме со сите сили и со сите знаења што ги имаме да го пронајдеме

најсоодветниот пат за изнаоѓање на најсоодветно решение. Впрочем на тоа не обврзува одговорноста што ја имаме како народни пратеници. Посебно не треба да повикувам дека таков пристап треба да имаме кога разговараме за едно такво прашање како што е одбележувањето на 100 годишнината на ВМРО. Нашиот народ не тукутака рекол дека договор куќа гради. Ако не постои договор, сосема е јасно дека тешко ќе можеме да градиме кука и за себе, и за сите што не избрале. Ако постоеше договор, јас сум убеден дека ќе го најдеме најсоодветното решение. Вакви одбележувања на вакви значајни настани што ги имало досега, ќе ги има и оваа година, ќе ги има и понатаму, према тоа , не е прв пат да се сеќаваме со една таква проблематика и да немаме искуство кој е правиот пристап до разрешување на се она што е наша обврска во одбележувањето на такви настани. Ние околу ова прашање пред извесно време имавме сериозна расправа и дојдовме до заклучок дека навистина е најправиот и најсоодветен пристап е ова Собрание која што ја има и најголемата одговорност да формира одбор за одбележување на одбележувањето на ВМРО. Ако го формиравме одборот, за што веќе сосема сигурно доцниме, затоа што влеговме во годината кое што значи 100 години од формирањето на ВМРО, тогаш беше сосема јасно дека ќе успеевме да го најдеме најдобриот пристап да ги решиме сите тие задачи што се пред ова Собрание поставени. Заради тоа што одборите имаат задача пред формирачот, а тоа е во овој случај Собранието, затоа што донесовме таква одлука, мора во еден одреден однапред период да излезе со програма на сите манифестации кои што значат одбележување на одредениот настан и на формирачот на тој одбор, тоа значи на Собранието да му предложат комплетно распоред на обезбедувањето на сите манифестации што се

предвидени во Програмата и што е важно тие во контекст на ова што разговараме да предложат извори на средства за обезбедување на таа програма. Штом ние не работиме под одговор штом одиме на вакви половични решенија, а ми се чини времето ќе покаже колку е ова решение половично и во какви се ситуации непријатни мое да не доведе, ако постојано одиме на вакви половиГши решенија, ако се прифати Законот вака како што е предложен, или евентуално со одредени измени, ми се чини дека сето тоа ќе биде повторно адресирано до сите нас, на нашиот недостојна пристап кон разрешување на проблемите што се поставени пред нас.

Во која ситуација ние се наоѓаме моментално? Марки по повод одбележувањето на настанот сигурно ќе бидат печатени, сигурно ќе бидат лепени на се она што ќе значи писмена коресподенција, тие марки ќе чинат пари. Средства мора да се обезбедат. Се поставува само прашањето средствата кои ќе ги покријат тие марки, на кого ќе бидат распределени. Познато е дека најмногу кореспондираат точно најзагрозените слоеви во Републиката. Тоа се студентите, тоа се социјалните загрозено, тоа се пензионерите. Према тоа, ако носиме едно решение со кој што не знам по кој пат ќе се доведеме во ситуација граѓаните негодуваат непријатно против едно такво светло име, како што е ВМРО кој што го носел на чело сите основоположници на борбата за национално и социјално ослободување на Македонија, сосема е јасно дека ќе придонесеме и покрај добрите желби повторно да го подводиме граѓанството, повторно да предизвикаме непријатни реакции, према нешто према што сите треба да се трудиме максимално да го заштитиме и поддржиме понатаму. Затоа во оваа ситуација станува збор само за тоа при покривањето на средствата за

III/5.-

печатењето на тие марки каков распоред на товарот да се направи. Ние сме сосема сигурни дека постојат и поинакви решенија од овие решенија кои ќе не доведат во текот на 1993 година кога како што гледате постојат три предлози на закони, ќе имаме временски периоди према тие закони кога ќе се донесат нашите граѓани да морат доплатни марки да лепат на писмата и на Цвеќе на мирот, за обезбедување средства за нашата олимписка репрезентација и за одбележување на оваа манифестација. Во таква ситуација ќе ги доведеме преку законите за доплатни марки во уште потешка ситуација, точно во оние категории што се и најзагрозени Оттука, кога се наоѓаме сега во овој момент, кога ова Собрание пред 50-ина минути со мнозинство гласови оцени дека има потреба од донесување на ваков закон, веднаш после тоа повторно со мнозинство на гласови оцени дека и на денешната седница треба да се расправа по текстот на овој закон , треба да се договориме што е најпаметно, иако последиците кои што ќе произлезат навистина од неправилното распоредуваше на товарот на средствата за овие марки ќе се сведат и понатаму колку што ќе може максимално да ги намалиме. Затоа би предложиле , иако гледам еден амандман од Владата кој што прави мал распоред овој товар кој ќе уследи во 1993 година да го распределиме. Има еден амандман од Владата со кој е кажано дека пригодната марка по повод Цвеќето на мирот ќе оди само два месеци. Би сакал да се договориме, ние предлагаме еден амандман што стигнал на собраниските клупи откога веќе ова Собрание донесе одлука дека ќе има потреба од закон, откога веќе донесе одлука дека денеска треба да се расправа, на денешната седница да го донесеме законот, меѓутоа, доплатната марка која што повторувам не знам по кој пат ќе биде

товар да оди само во месецот кога манифестациите ќе бидат најчести, а тоа ќе биде во месец октомври. Покрај тоа што предлагаме да се прифати Законот со оваа измена би предложил Собранието да донесе работен заклучок да се обврзе Комисијата за избори и именување за наредната седница да припреми предлог за избор на членовите на Одборот за одбележување на 100 годишнината од формирањето на ВМРО и во рок од 15 дена, при што не претендирам дека тој рок е најправилно избран, може да биде и 20 и 30 дена, да се задолжи Одборот да излезе со целосна програма за сите манифестации за одбележувањето и да излезе со Предлог пред Собранието за изворите на средства со кои што таа побара да може да се алиментира. Веднаш по прифаќањето на таа програма од страна на Собранието, Собранието можеби ќе има потреба да донесува и други закони и околу тие закони повторно ќе мора да постигнеме согласност да видиме од каде во договор со сите републички институции, почнувајќи од Владата, па сите други кои ќе учествуваат во остварувањето на таа Програма, точно да ги дефинираме изворите и да обезбедиме достоен пристап кон одбележувањето на 100 годишнината од формирањето на ВМРО. Според тоа, би ве молел да не влегуваме понатаму во дискусија која што само посебно го дели битието на нашето граѓанство, повторно ги ставаме да се растргаат помеѓу чувствата и реалните можности и повторно предизвикуваме состојба во која не се приклучуваме за разрешување на проблемите, туку повеќе ги шири.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кога се зборува за 100 годишнината на ВМРО треба сите ние тука да сме свесни дека сме живи сведоци на една годишнина за која многу од нашите дедовци и прededовци го дадоа животот. Кога се зборува за

марката која треба ние како симбол на тоа ВМРО да ја залепиме на разни пликови, таа нема да остане само во нашата земја, туку ќе патува во Светот. ВМРО ќе репрезентира нашата сегашна стварност и нашето минато. Сериозно да ја сфатиме работата и да не полемизираме. Према сето она што го слушнав тука ми иде една мисла дека повеќе сакаме да излезе една пригодна марка која нема никаква вредност, отколку една поштенска марка што ќе живее повеќе години и кое ќе ја има вистинската вредност. Поштенската марка се знае која е таа марка и каква вредност има. Таа е филалтеристичка марка која стои со години, а таква чест му паѓа на ова Собрание да ја издаде таа марка на нашето столетие. Да не полимизираме. Да се донесе Законот и таа марка нема да биде марка за еден или два месеци, таа ќе има повеќе временски живот и таа марка да не биде прилепена за некоја друга марка, туку да биде марка која ќе служи повеќе време на оваа Република. Друго е пригодна марка. Пригодната марка може да ја печати било која печатници и било кој човек, а поштанската марка ние знаеме таа како се печати. Немој да се смееш Коле, ти обраќаме внимание, затоа што дедо ти јас го познавам добро. Иронично се смееш Коле и некни ти се обратив со дете. Не сакам да се нервирам, и не сакам никој да се потсмеваа на ВМРО. Сите малку да се помислиме. Ние сме сериозни луѓе и сме пратени од народот било во која партија кој да припаѓа, да го донесеме Законот и да ја овековечиме Историја-] на нашите дедовци. Марката да биде законска и да ја овековечиме.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Не излегов да полимизирам, излегов повторно да замолам за конструктивен пристап кон решавање на проблемот. Оваа пригодна марка

токму значи марка поштенска по повод пригодата и поголема пригода од таа 100 годишнина од формирањето на ВМРО - нема. Според тоа, дали ќе биде една или серија на марки итн., пригодната марка има и поголема тежина од секоја друга марка, да не правиме дилеми околу тоа. Станува збор за следното: дека ќе се издаде марка, ќе се издаде, дека има потреба е оценето дека, таа марка чини пари, проблемот е само во тоа товарот за обезбедување на тие средства на кого ќе го распределиме. Дали на сите граѓани, или ќе направиме обид оваа држава да изнајде средства за таа марка со тие средства да не ги оптовариме луѓето кои што најмногу ќе ја користат. Меѓутоа, амандманот кој е предложен, кој што ми се чини го решава прашањето само менува тоа што се бара граѓаните само писмата во месец октомври што ќе ги плаќаат, тогаш да доплаќаат по 50% од цената на чинење на марките кои што одат секогаш со писмата во периодот надвор во тој месец. Значи не станува збор за ништо друго, туку станува збор само за скратувањето на времето во кое што самиот граѓанин ќе учествува во цената на марката која што ќе оди како марка по повод пригодата 100 годишнина од формирање на ВМРО. Ако имаме против тоа граѓаните само месец дена да плаќаат од свој џеб, за тоа стои во Амандманот дека станува збор за доплатна марка, доплатна марка ќе биде само во тој месец, заради тоа што секој што ќе праќа писма ќе партиципира. Меѓутоа, тоа ќе чини многу повеќе и средствата за таа марка треба да се обезбедат од државата, тоа ќе каже најверојатно институцијата која што одборот ќе за задолжи за реализација на Програмата да ги обезбеди тие средства. Мислам дека никој од нас не би требало да има против тоа граѓанинот само еден месец да ја доплатува, а марката ќе функционира цело време од моментот на печатење по повод одбележувањето на 100 годишнината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За амандманот ќе расправаме после.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас направив мал напор за време на паузата да си направам уверување во своја глава и да ја консултирам и науката што значи пригодна, а што значи вредносна марка. Господин Ханџиски го загатна тоа прашање да одговори и го сврза со денот на прославата, односно со настанот 100 години. Меѓутоа, дами и господа пригодна марка од значај на историјата, значи налепница. Таа нема за задача ништо друго, туку само да кажува на една територија дека има еден настан или не. Овдека станува збор за другиот дел што значи вредносна марка. Вредносната марка има вредност, таа се плаќа. Говореше г-динот Ханџиски за некое намалување на времетраењето, кој ќе го врши тоа плаќање, како ќе го врши. Меѓутоа, нам не ни е проблем со овие марки да собереме пари на куп на некој одбор. На предлагачот на овој закон му беше основната цел да го запознае светот со еден настан. Настанот ќе го запознае ако успее таа марка да влезе во филатеристичките албуми во светот. Што е работата тука? Сите налепници не се интересни, ниту влегуваат во албумите, а вреднсоните марки влегуваат во албумите на филалтеристите и оттаму треба да ни биде едно јасно, ако Грција за да не оспори името потроши некаде околу 1000 милијарда долари, ние сега се плашиме да кажеме дека организирано за достоинство на Македонија постоиме 100 години.

IV/1 /ДВ/ОМ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

не сакаме светот по нај елитниот дел, филателистите во светот се нај богати, нај влијателни луѓе. Ние сакаме со налепница да останеме пак некоја си бановина или Република Скопје. сакаме да докажеме дека Македонија преку таква организирана организација постои 100 години. Тоа е целта. Најдете сега дали нашиот народ не ќе има начин да одвои средства за своето битие.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас му благодарам на господинот Стојановски, бидејќи скоро се што сакав да го кажам тој го кажа. Меѓутоа треба да напомнам и една друга работа. Една работа сите Вие ја знаете. Ова камче е тешко, многу тешко што треба да го понесеме, а другото го кажа Томе.

Се сеќавам кога со една марка славевме два Века вука. Два века славевме за некој Вук. Сега замислете се, не сакаме да прославиме нашите жртви, нашите дедовци, било од кој, имаше таму и албанци имаше и секакви, и турци дури во тоа време. Значи Вук можевме да го славиме два века, а не можевме дедовците наши да ги славиме. Ако е потребно ќе биде тешка поштенска марка ќе биде нашиот, што рече Томислав Стојановски Амбасадорот наш од нашата земја во целиот свет. Само така ќе се докажеме. Тоа не ни агитација, не ни пропаганда, не е ни некој рејтинг. Колку е за мене рејтинг толку е и за министерот рејтинг толку е и за пратениците и за сите нас. Не треба дискусии за таа работа.

IV/2

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Кога ја разгледувавме осумнаесеттата точка , Предлог за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка- Република Македонија "Цвеќе на мирот" со Предлог на закон воопшто на никого не му текна дека одредена категорија на народ во Македонија ќе биде оптоварен со поштенската марка.

Кога ја разгледувавме дваесеттата точка - Предлог за донесување на закон за плаќање на дополнителна потесна марка 100-години од основањето на ВМРО со Предлог на закон ќе има одредена категорија на луѓе кои ќе бидат оптоварени, да се внимава да не бидат оптоварени со марката.

Јас сум член на Комисијата за буџет и финансирање. Кога го разгледувавме ова прашање и за 18-тата и за 20-тата точка немав- ме коментар да се донесе овој закон. Ние во случајов правиме една демагогија. Во што е суштината на таа демагогија. Ние треба да вршиме категорија на одредени луѓе сега да ги делиме за 18-тата и 2 0-тата точка, кој ќе ја плаќа оваа марка. За мене е чиста демагогија марката -Република Македонија "Цвеќе на мирот". На кого му текна да се плаќа. Какво Цвеќе на мирот сме ние во овој Парламент знаеме. Можеби некој оваа демагогија ја продолжува со вакви одредени манифестации, затоа што светот многу добро не знае какво Цвеќе на мирот сме ние.

Ве молам, ако се сака да се постигне одредена цел односно да се каже една вистина, не треба да си многу школуван. Ако сака да се каже некоја лага или демагогија потребно е да си доктор на наука или магистер од причини што треба да бараш повеќе зборови за да убедиш некого за некоја лага, а вистината е една. Зошто велам? Пречи можеби на некого му

пречи. Па не мора да ја плаќа одредена категорија на луѓе марката 100-години од основањето на ВМРО. Оние луѓе што тврдат дека Македонија е 45-години држава или пак оние луѓе кои ги тепале нашите луѓе за македонското чувство кои биле за ова ВМРО. Конкретно нашата македонска држава треба да ја знае целиот свет преку оваа марка дека уште во 1893 година, постоеше организација ВМРО која се бореше за ослободуваше на оваа македонска држава. Според тоа треба да бидеме јасни дека тежината кој што не сака да ја плаќа оваа марка 100-години на ВМРО , дали ќе биде еден месец или два месеци, јас мислам дека се прославува 100 години. Ова ни е јубиларна година 1893-1993 година. Цела година јубиларна од основањето на оваа организација ВМРО во Солун.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, цело време од говорницата се зборува за демагогија , а навистина се зборува демагогија.

Не можеме да сфатиме две работи. Што е тоа доплатна марка, што е официјална поштенска, онаа права филателистичка поштенска марка која нема рок на траење. Овде се зборува дека оваа марка доплатната е таа која ќе се прошири во светот и ќе ни ги пренесе сознанијата за ВМРО. За мене тоа не е точно затоа што такви доплатни марки ние секогаш лепиме: Доплатна марка за борба против туберкулозата, доплата марка за борба против ракот, доплатна марка за екологија итн., доплатни марки кои немаат трајна вредност. За мене трајна вредност е серијата на марки јубиларни кои ќе го означат и овековечат прославувашето на 100-години ВМРО. Тоа се правите поштенски марки кои постојано ќе се лепат на пликот, а оваа доплатна марка дали ќе се лепи еден месец, два , три, четири или пет таа е на одредена вредност без трајна вредност. Разграничете ги тие работи.

Мислам, тука, врз оваа поента од една и друга страна се сака да се направи како да, еве ние сме за а овие се против. Немојте ве молам. Еднаш правилно разграничете ги работите.

Ако ова Собрание едногласно донесе одлука да се формира комисија за прослава на 100-годишнината , јас се прашувам зошто таа комисија се уште не е формирана, односно одборот за прослава. Претседателот на Изборната комисија е тука. Таа комисија веќе требаше да работи, а не работи, уште не е формирана. Зошто? Не можеме да се согласиме, или не можеме да најдеме луѓе во оваа наша Република како ќе бидат членови на оваа комисија. На крајот ќе дојдеме во состојба неа да ја формираме таму некаде при крајот кога, можеби , целта на одбележувањето не можеме да ја постигнеме ако не е навреме донесена односно формирана. Сега зборуваме овде за еден закон, за една доплатна марка која има своја вредност само за еден одреден период. За наметот на граѓаните кои беше овде зборуван, стои , секој додаток кога ќе одиме да платиме некаде, дали лично ќе го платиме, 5 дена или 10 или 15, секој размислува во оваа време. Ако ние постојано овде на Собранието определуваме доплатни марки за секој јубилеј што доаѓа, а тие доплатни марки ќе доагаат и доаѓаат има одредени и термини за одредени прослави кои постојано се во оптек, од сите хуманитарни организации. Сепак треба да сфатиме дека и тоа е одредено оптоварување.

Мислам дека амандманот што е поднесен а што го образложи тука Ханџиски, има место, а обично овие доплатни марки за одреден период тоа е искуство, се потенцираат во месецот на прославата и нека одат во месецот на прославата. За тоа нема никој ништо против, но еден сукцесивен период од 10 месеци да има оптоварување ,сепак мислам дека

треба да се размисли за тоа. Никој не е против тоа да се печати таа марка, да се лепи таа марка и немојте по марката да ги определувате луѓето. Ве молам, луѓето не ги определувајте према марката. Важно е како човекот се осеќа и што е и зошто и што застапувал, отколку марката која треба како додатна да се печати. По марката не може да се определуваат луѓето. Престанете еднаш со тие работи.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас морам да признам дека почнувам и да се збунувам по малку.

Повторно го читав законот за да најдам што пишува таму и го прочитав. Јас би ве молел тие што не го прочитале да го прочитаат затоа што одделни дискусии веќе не кореспондираат со содржината на законот. Моите размислувања се слични на претходниот дискутант. Тука се работи за доплатна марка. не се работи за издавање на серија на поштенски марки. Се работи токму за тоа што определуваат членовите 4, 5 и 6 од Законот. Тие средства да ги собере одборот за прослава, како да ги уплатува, каде да ги уплатува и т.н. Според тоа дајте еднаш да почнеме да ги разликуваме работите и да не користиме секаков повод да кажеме дека некој сака нешто повеќе од другите затоа што не гледам таква причина.

Ние утврдивме потреба од донесување на закон. Кажавме ќе се донесе законот. Законот ќе биде за плаќање на доплатна поштенска марка и тука завршува целата дискусија. Немојте сега да не убедувате дека се работи за нешто сосема возвишено, за некој друг идеал, туку се работи за собирање на средства со кои ќе располага Одборот за одбележување на 100-годишнината од формирањето на ВМРО и како таков законот треба да го прифатиме, затоа што предлагачот вели - заради обезбедување

дополнителни приходи за обезбедувањето прославата и придружните манифестации во рамките на прославата. Тоа се причини поради кои треба да се донесе законот. Причината е да се соберат дополнителни средства за одбележување на јубилејот и тоа е добра причина, и чесна причина. Никој нема против тоа. Зошто сега одеднаш ги преокренуваме работите и зборуваме за некакви други патриотски возвишени причини кои не се предмет на расправа денес тука. Може и за тоа да расправаме, меѓутоа за тоа друг пат, или ако има таков повод. Затоа уште еднаш апелирам да го прочитаме законот, да го прочитаме образложението зошто се предлага и се кој според своето убедување нека се изјасни. Јас лично ќе бев многу среќен овој закон да беше предложен од Одборот за прослава на 100-годишнината, затоа што ако веќе се определивме , господо, да формираме одбор, тогаш зошто ние се мешаме во работата на Одборот. Можеби Одборот ќе оцени дека оваа марка треба 2 години да биде доплатна. Можеби 6 месеци, можеби 10, можеби 1 месец итн. Ние сега атхок одлучуваме и добро е, еве и така нека одлучуваме, меѓутоа без внесување на некои дополнителни причини кои не се предмет на расправа, туку се обидов да објаснам што е предметот денес, а предметот се кажува во членовите 1, 2 , 3, особено во 4, 5 и 6.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ние на дневен ред исто така го имаме и Предлогот на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка -Република Македонија "Цвеќе на мирот". Овој Предлог на закон што е предмет на расправа сега е Закон за плаќање на доплатна поштенска марка. Морам да знам дека лично не ми е позната функционалната разлика помеѓу термините доплатна и

дополнителна. Меѓутоа, го толкувам Предлогот на законот, конкретно за плаќање на доплатна поштенска марка така како што е напишан и во врска со тоа сакам да го кажам следното:

Бидејќи не се работи за Недела или за месец јубилејен или со хуманитарна цел, туку се работи за прослава на годишнина од основањето на ВМРО, сметам дека би требало да се прифати определбата во внатрешниот поштенски сообраќај да функционира, да се употребува марка во текот на годината, во периодот кој што е предложен. Меѓутоа, бидејќи беше укажано дека тоа претставува дополнително оптоварување на граѓаните кои користат услуги во внатрешниот и надворешниот поштенски сообраќај, заради висината на износот на номиналните вредности, за писма со тежина до 20 грама штос е предвидува со членот 2 од Предлогот на законот, а тоа е 50% од износот, сметам дека и предлагачот треба да прифати определба овој процент од 50% да се намали , јас незнам точно колку е номиналната вредност на поштенските марки за писма со тежина до 20 грама, сигурно тоа се утврдува со Одлука на ПТТ претпријатието - Македонија. Меѓутоа тој процент од 50% да се намали симболично на 10па и 5%.

Ми се чини дека целта е , барем со овој Закон , како што јас разбирам, независно што во причините за донесувањето е дадено образложение за собирање дополнителни средства, покрај употребата на поштенските марки кои редовно се наплаќаат за услугите во ПТТ сообраќајот, оваа марка да го означува одбележувањето на овој јубилеј во текот на целата година и како доплатна да циркулира во внатрешниот и надворешниот ПТТ сообраќај во текот на годината. За мене лично целта не е да се соберат средства само да се покријат трошоците за прославата која во програмски одредби ќе ја предложи овој Одбор што треба да го основа Собранието, јас верувам дека

тоа ќе го покрие државата преку Буџетот доколку биде, димензионира соодветно програмата што ќе ја предложи Одборот за одбележување на овој јубилеј  и метам дека со овој закон не се кажува дека во пери- одот на доплатувањето на поштенска марка таа марка ќе важи, а после поминувањето на овој рок дека таа поштенска марка ако биде издадена во поголема количина отколку што била потрошена дека ќе биде повлечена и уништена. Затоа сметам дека со овој Закон само се можеби, прецизира Одборот што ќе донесе одлука, можеби не една сто и една и повеќе марки за одбележување на историското минато, па и одбележувањето на оваа годишнина на македонскиот народ, да бидат издадени повеќе јубилејни марки, една од овие јубилејни марки да биде оваа која како доплатна марка ќе биде користена во внатрешниот и надворешниот поштенски сообраќај. Затоа сметам дека предлагачот би требало да предложи во членот 2 висината на износот што ќе се доплатува на номиналната вредност на поштенската марка за писма со тежина до 20 грама,како што е предложено , од предложените 50, да се намали на 10 или 5%.

V/1/сј/см

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, јас се јавив за збор после излагањето на колегата Тошевски и колегата Анастасовски иако кога ќе видам дека навистина нема смисла понатаму да се учествува во една расправа кога едноставно или не се разбираме или не сакаме да се разбереме обично се повлекувам. Меѓутоа, заради ваквите настапи кои што даваат сосема друга конотација на намерите на секој од нас кој што излегува овде на говорница се јавив по трет пат за збор. Марка со која што ќе се одбележи 100 годишнината од формирањето на ВМРО ќе биде печатена и тоа е еден од најубавите начини со кои се одбележува еден ваков настан. Ако е лошо да се предложи средствата за таа марка да ги покрие државата и ако оваа држава навистина не може да обезбеди средства да се одбележи еден таков настан, да се отпечати марка која што цела година ќе се става дополнително на писмата, за разлика од предлогот кој што се предлага со Законот тие средства што ќе се земаат од марката по повод одбележувањето на 100 годишнината да ги даваат граѓаните тогаш незнам кој е во право, незнам кој што заговара и незнам што е демагогија, а што не е демагогија. Зошто граѓаните преку тоа што на секое писмо ќе купуваат дополнителна марка, доплатна марка со овој закон на Одборот да му обезбедуваат дел од средствата за програмата за одбележувањето на 100 годишнината. Зошто тие средства да не ги обезбеди државата, кога не се работи како што треба да се работи и кога сме дојдени во оваа фаза кога веќе Собранието оцени дека има потреба од ваков закон, кога донесе одлука денеска да се расправа за тоа ние сега излегуваме со амандман, граѓаните преку доплатната марка да обезбедат средства на Одборот само

во еден краток период кој што ќе има таква симболика да се поклопи со месецот каде што ќе бидат најинтензивни чествувањата.

Другите средства за прославата на Одборот за одбележувањето на 10 0 годишнината нека ги обезбеди државата. Во тоа е нашето залагање, Ако некој од тоа изведува други работи, нека му служи по стоти пат на чест, јас понатаму немам намера да учествувам во расправа која што апсолутно нема смисла.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас прво не го спомнав господинот Ханџиски, јас само реков ако сака да се каже некоја лага е потребно да биде човекот образовен. Ако сака да се каже правилен не треба да биде образовен. Според тоа дискусијата во моментот на Ханџиски е иста како ќе влезам во црква ама нема да се крстам. Зошто ние бараме да биде марката 100 години. Целта е да направиме почит на нашите генерации кои што изумреле за оваа наша Македонија. Тоа е наша почит, да се слави една цела година, а ние не сакаме на некого да му кажуваме некои други образложенија. Основно е тоа ако се прави да се прави со душа и со срце, а не само да се направи.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не ни е прв пат една чиста и света работа толку да ја искомпромицираме па овде да се надмудруваме без потреба. Јас нема да зборувам многу, едноставно ќе кажам една благодарност на господинот Абдурахман Алити кој што ја кажа правата суштина во Законот. Изгледа дека овде дискутираат луѓе кои што не го прочитале Законот и според тоа, целта на законот е сосема јасна. Да се одбележи 100 годишнината на ВМРО со една доплатна поштенска марка и произлегува дека ако се анализира секој од нас нека се преиспита кога сме пратиле писмо да речам,

освен за нова година, од нас во комуникацијата со граѓаните во Републиката. Па ние користиме подруги, покомуникациски средства, тоа се телефоните итн. итн. Оттука испаѓа кој граѓани и кои се граѓаните што ќе ги оптовариме. Јас мислам дека и она решение што се предлага дека државата треба да обезбеди средства тие пак ќе се земат од граѓаните. Според тоа, си играме едно што ни одговара, друго што ни одговара, а фактички се се сведува на едно. Јас не сакам понатаму да должам едноставно ние останувамe на решени- јата какви што се дадени во предлогот на законот и ништо повеќе. Ако треба ќе се надлгасуваме,но надгласувањето значи нечија неодговорност.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Веќе трет саат мислам по оваа точка се расправа и ако се земе расправата што се водеше по повод предлогот за фомирање на одбор, јас мислам дека уште тогаш ја асолвиравме ситуацијата. Јас не сакав да учествувам во оваа расправа ниту сакам да слушам ваква расправа како што се води денес затоа што отстапува од основната суштина што треба ние да ја постигнеме. Овој Парламент, господо, донесе одлука за формирање на Одборот за прослава. И, по редот на нештата требаше надлежното тело на оваа седница да си предложи именување на конкретни членови кои ќе изготвеа некоја програма и кои ќе ги дефинираа сите задачи. Ваквиот пристап што го користи предлагачот, а особено сега во име на предлагачот господинот Стефковски што кажува дека ние сме мајстори да искомплицираме работата мислам нека се преиспитаат тие што искомплицируваат ваква работа. Ако овој Парламент даде стамен пристан во решението и ако тој одбор требаше да изоцени што треба да се стори се за прославата, ние немаше да доаѓаме до вакви дискусии денеска.

Сите овие дискусии на некој начин ја девалвираат и самата прослава, како сакате речете и како сакате мислете тоа е факт. Ние влеговме во тие води и успешно и понатаму и понатаму пловиме по тие води, кому му е потребно поединечно нека се преиспита. Кому е потребна таква работа.

А, самата дискусија околу конкретните технички решенија, овде произлегоа и многу лаички толкувања, за време на марка, прилепница, пари, придонеси итн. меѓународна афирмација итн., а токму затоа и се формира Одборот, сите прашања што се од стручен аспект да ги апсолвира и да ги предложи и да предложи соодветни решенија. Ние ако влегуваме на ваков волунтаристички начин во расправа за прашања кои не ги познаваме, ние можеме овде 4 дена да седиме и ниедно банално прашање да не решиме и од момент на момент да сметаме, да помислиме дека ова решение е прикладно, она решение е прикладно итн.

Јас не сакам да учествувам во ваквата расправа, но исто така после толкав број на дискутанти што излегоа на оваа говорница должен сум и чувствувам. интимна должност да кажам дека ние влеговме и како сакате мислете ние ја девалвиравме и самата прослава, господо.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се јавувам само на кратко за да расчистиме една дилема. Член 1 од Законот кој е доставен од предлагачот вели: "со овој закон се воведува обврска за плаќање дополнителна поштенска марка". Значи целта на законот е обврска за плаќање дополнителна поштенска марка. Сега од координаторот на Пратеничката група која е предлагач ни беше соопштено дека целта на Законот е да се одбележи 100- годишнината. Нема да го повторувам она што Наќе го кажа, ние за да ја одбележиме 100-годишнината пред една седница усвоивме одлука за формирање одбор и ќе ја одбележиме 100-годишнината. Меѓутоа, овој закон не нуди да се

одбележи 100-годишнината, така е овде напишано. Законот има за цел да се воведе обврска за плаќање дополнителна поштенска марка. Забелешката на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз дека не се согласуваме да се воведе обврска за плаќање дополнителна поштенска марка туку дека таа дополнителна поштенска марка ќе се лепи, а ќе биде печатењето, колку писма ќе се пратат и тоа за внатрешниот сообраќај, овде сега овде исто ми беше соопштено дека ќе се праќа во светот итн. Самиот предлагач не ја праќа во светот таа марка бидејќи вели само во внатрешниот сообраќај ќе се користи, ПТТ сообраќај. Така да, она што беше кажано овде од предлагачот и она што е напишано од предлагачот не кореспондира целосно и токму затоа треба да ги расчистиме работите. Ако е за да се стави додатна марка, да се стави, меѓутоа нека се види колку годишно во Македонија се трошат писма во внатрешниот сообраќај испод 20 грама, ако е тоа толку и толку илјади, многу е лесно да се испечати таа марка и да се залепи. Со тоа ќе се одбележи како што беше овде соопштено, но во член 1 кој треба да РО гласаме овде, кој ни е понуден вели дека нема да се одбележи со овој закон туку ќе се воведе обврска за плаќање. Затоа работите мора да се чисти и се согласувам со Наќе за да не се убедуваме овде Одборот требаше да предложи пакет на мерки, одлуки и закони со кои ние ќе одбележиме се што треба, а вака една по една сега, утре на друг ќе му текне митинг да се направи, закон со кој ќе се воведе ваква или онаква обврска за митингот да се финансира, треба да се изгради споменик незнам каде и како, и не можеме така Одборот треба да понуди пакет, за тоа е тој формиран.

V/6

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Законот е толку јасен и прецизен така да не би имало потреба да читам, само претходни&т би требало да го прочита член 7 и се ќе му биде јасно бидејќи само членот 7 за него е јасен. Оваа обврска се утврдува со закон, во тоа е и целта на Законот да утврди обврска за доплата на поштенска марка. Одборот за кој ние донесовме одлука кој сеуште е неконституиран, не може да биде предлагач да му е јасно на секој, на закон. Уставот кажува кој може да биде предлагач на закон, тоа е влада, тоа се пратеници итн. итн. Со други зборови, Одборот може да изготвува некоја си програма, да дава некоја иницијатива или слично. Меѓутоа, ние сметаме дека 100-годишнината на ВМРО треба да биде еден континуитет од повеќе месеци, а не сериозно за мене од еден месец како што се предлага со амандманот. Затоа сметам дека треба и ние остануваме на предлогот на законот што сме го дале во текстот како што е понуден.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас не спомнав име, спомнав координатор, па координаторот рече претходникот, значи јас. Со оглед дека ме упатува на член 7 јас ќе го прочитам пред Собранието, ќе си дозволам. "Член 7 Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник на Република Македонија". Ете го. Навистина не ми е јасно за што служи овој закон. Ете го член 7, да не се правиме наивни сега, член 7 ете го. (Смеа на пратениците во салата).

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сум против овие дискусии што одат ка одолговлечување, бидејќи повеќето беа такви не можам да ги наведам точно по име и презиме, не од што се плашам од реплики.

Прво, одлука за одбележување на 100-години, беше предлог да се формира одбор и да се донесе марка која ќе го одбележи, доплатна и сл., па тогаш се издвои дека не можело марка со таа иста одлука, туку посебен закон кој претпоставува посебна прослава, кој го правиме тука. Сега одредени дискусии пак не враќаат наназад, на Одборот. Ние единствено сме овластени според закон, да носиме закони, а сега се вели Одборот.

Во однос на формирањето повеќе сум за Одборот, таму обврската, одлуката се однесува кои институции да влезат во Одборот за одбележување. Значи претпоставува во последниот Службен весник е објавена, претпоставува консултација со институциите од кои ќе предложат членови за Одборот. Претпоставено е одредено време за консултации и сметам сега да не се враќаме. Ако не сакаме ваква марка или ваква содржина на Закон да си ги скратиме маките овде колективно, ќе дигнеме рака за, против или воздржани, да не не знаат комшиите како сме гласале.

Да не се надмудруваме, текстот е јасен. Инаку, околу економското финансирање, јас мислам со писма поранешната Југославија толку е закрчена со сообраќај јас мислам писмо незнам кој ќе напише и незнам која година ќе стаса. Денес има телефакси, телевизијата секој ден побрзо информира отколку нашиве покани за седници. Тоа ги чини само организации на здружен труд односно тие можат да се изложат врз средства. Цел ден сме на телефон, кога пишуваме писма и кои трошоци ќе ги зголемиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Љубомир Поповски поднесе амандман на член 2 по кој не се произнел предлагачот.

Го молам предлагачот да се произнесе по овој амандман. Иако во претходната дискусија се произнесе, посредно, но еве да чуеме непосредно.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Како предлагачи на законот не го прифаќаме амандманот и сметам дека потпретседателот треба да постапи согласно Деловникот. Тоа значи најверојатно да ја прекине седницата и да се свика седница на Законодавно - правната комисија да се произнесе по амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Ние во Претседателството оценивме дека не се работи за суштинска измена на текстот на законот. Од тие причини сметавме дека нема потреба посебно да заседава Законодавно - правната комисија, бидејќи станува збор само за промена на рокот во кој што ќе биде во оптек оваа марка. Но, ако е таков предлогот. Ако ми дозволите член 335 од Деловникот: ако амандманот на предлогот на закон содржи одредби со кои се менуваат начелата врз кои се засновува законот, а кои претходно ги утврдило надлежното тело, или ако усвојувањето на амандманот би повлекло со себе по битни измени на текстот на предлогот на закон, за амандманот не може да се одлучува на седница на Собранието. Ние оценивме дека овој амандман не е од таков карактер. Станува збор само за рокот. Но, ако е предлог на предлагачот на законот да се произнесе ЗПК нема друга варијанта освен да ја прекинам седницата на Собранието за да се произнесе ЗПК.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас би сакала да кажам неколку збора во врска со амандманот зошто за мене е неприфатлив амандманот. Овде беше кажан збор дека доплатни марки имало како борба против ракот, како борба против сида и незнам кои болести. Тогаш се прогласувал месец, прво паралелата што беше поставена не беше во ред, но еве ќе продускутираме и за тоа. Се прогласува месец на борба против таа и таа болест, се отпечатува марка и во тој месец да кажеме тече таа марка дополнителна, а овде имаме година, т.е. годишнина и ние преку оваа дополнителна марка повеќе се сака духовно да се одбележи 100-годишнината колку што материјално. Плус се

знае дека средствата собрани од дополнителните марки одат во овие фондови за борба против тие и тие болести. Па така и овде средствата од оваа марка ќе одат во фондот за организирање на 100-годишнината. Што значи овој одбор што ќе се формира со оваа дополнителна марка немаат никаква врска. Одборот може после да предложи во програмата т.е. заради исполнување на програмата дека треба да се донесат уште некои дополнителни можеби марки, но тоа е сосема друга. Доплатната марка треба да ја има таа цел, да собере средства во фондот, тоа се претходни средства. И сметам дека треба да оди како што е дадено во законот преку цела година, затоа што ова е годишнина, а не несечнина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде стана еден настан што предлагачот сам предложи дека амандманот кој се однесува на предложениот закон во текот на расправањето ќе треба да оди на одговор од надлежни тела на Собранието и тоа би требало да биде задолжително, затоа што кога Владата е предлагач или било кој друг ако се произнесе дека тоа треба да го решаваат и надлежните тела ќе треба да се почитува иницијативата. Овде иницијативата за донесување на овој закон е на предлагачот, а господинот Стевковски тоа и го постави како барање. Не би можеле ние да донесеме друго толку- ваше освен ова да оди на таа комисија, или и на други матични комисии каде што ќе треба амандманот целосно да се разгледува. Според тоа, сега само по однос не да прекине со работа Собранието, јас тоа не можам да го предложам, меѓутоа е работа за овој проект што се расправа сега за овој закон ќе треба да се одложи додека го разгледаат надлежните тела, тогаш да се продолжи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловнички врз основа на член 337 став 2 сепак треба да се произнесе по предлогот Собранието.

Молам, кој е за тоа да се свика, односно да се прекине расправата по оваа точка за да се даде можност ЗПК да заседава, па дури тогаш да продолжиме.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Да помогнеме за да се надмине состојбата. Амандманот не го прифаќаме, а делот за закажување на Комисијата го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи сега немаме предлог за свикување на ЗПК.

Дали некој друг бара збор, во врска со амандманот? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26 пратеници)

Дали некој е против? (25)

Дали некој се воздржува од гласање? (7).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (38) ?

Дали некој е против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (26)

Господинот Михаил Пановски бара збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам поединечно изјаснување на пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се помине на поединечно изјаснување.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(го чита списокот на пратениците) (Прилог)

# С П И С О К

## на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

1. ФАИК АБДИ (не е тука)
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА (за)
3. ХАМИД АЛИУ (против)
4. ЕШРЕВ АЛИЈУ (не е тука)
5. СТОЈАН АНДОВ (не е тука)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (за)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (за)
8. ТИМЕ АНДОНОВ (за)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ (за)
10. ДУШКО АРСОВСКИ (воздржан)
11. ДРАГИ АРСОВ (за)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (не е тука)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (не е тука)
14. ЈОРДАН БОШКОВ (не е тука)
15. ЃОРГИ ВОЈКОВСКИ (воздржан)
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ (за)
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (не е тука)
18. ПЕТАР ГОШЕВ (не е тука)
19. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (не е тука)
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (за)
21. САНДЕ ДАВЧЕВ (Санде Давчев)
22. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (не е тука)
23. ТОДОР ДИМОВ (за)
24. ДОСТА ДИМОВСКА (за)
25. РАТКА ДИМИТРОВА (за)
26. ПЕТАР ГОРГИЕВ (за)
27. БОРКО ГОРГЕВСКИ (за)
28. ДУШКО ГОРГЕВСКИ (не е тука)
29. ЗУДИ ЕМИНИ (воздржан)
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (за)
31. НАСЕР ЗИБЕРИ (воздржан)
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (не е тука)
33. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (не е тука)

| | |
|---|---|
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | (не е тука) |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | (не е тука) |
| 36. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | (не е тука) |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | (не е тука) |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | (не е тука) |
| 39. ИВАН ИВАНОВ | (не е тука) |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | (за) |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | (за) |
| 42. РИСТО ЈОВАНОВ | (за) |
| 43. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | (за) |
| 44. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | (за) |
| 45. ТАШКО КИРОВ | (за) |
| 46. ЗОРАН КИТЕВ | (не е тука) |
| 47. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | (не е тука) |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | (не е тука) |
| 49. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ | (воздржан) |
| 50. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | (воздржан) |
| 51. НИКОЛА КРСТЕСКИ | (за) |
| 52. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | (за) |
| 53. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | (за) |
| 54. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | (не е тука) |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | (не е тука) |
| 56. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | (за) |
| 57. ЕФТИМ МАНЕВ | (за) |
| 58. СТРАШО МИЛКОВСКИ | (не е тука) |
| 59. ПАНЧО МИНОВ | (не е тука) |
| 60. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | (не е тука) |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | (воздржан) |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | (не е тука) |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | (не е тука) |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | (воздржан) |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | (воздржан) |
| 66. НАИФ МУСТАФА | (воздржан) |
| 67. СИМОН НАУМОВСКИ | (за) |
| 68. ПАНЧЕ НАСЕВ | (не е тука) |
| 69. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | (не е тука) |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | (за) |

3.-

| | |
|---|---|
| 71. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | (воздржан) |
| 72. ЈОВАН НИКОЛОВ | (воздржан) |
| 73. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | (за) |
| 74. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | (за) |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | (не е тука) |
| 76. ТИТО ПЕТКОВСКИ | (воздржан) |
| 77. ТОДОР ПЕТРОВ | (за) |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | (воздржан) |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | (не е тука) |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | (воздржан) |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | (не е тука) |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | (воздржан) |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | (не е тука) |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | (воздржан) |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | (не е тука) |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | (не е тука) |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | (воздржан) |
| 88. НЕИМ СЕЛМАНИ | (воздржан) |
| 89. ФЕРИД САДИКУ | (воздржан) |
| 90. НАУМ СИМЈАНСКИ | (не е тука) |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | (не е тука) |
| 92. РИСТО СТАНКОВСКИ | (не е тука) |
| 93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | (воздржан) |
| 94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | (не е тука) |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | (не е тука) |
| 96. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | (не е тука) |
| 97. ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ | (за) |
| 98. РИСТО СТАМЕНОВ | (не е тука) |
| 99. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | (за) |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | (воздржан) |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | (воздржан) |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | (за) |
| 103. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | (не е тука) |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | (за) |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ | (не е тука) |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | (не е тука) |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | (не е тука) |

4.-

| | |
|---|---|
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | (за) |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | (воздржан) |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | (за) |
| 111. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | (воздржан) |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | (за) |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | (воздржан) |
| 114. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | (против) |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | (воздржан) |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | (воздржан) |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | (воздржан) |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | (не е тука) |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОВСКИ | (не е тука) |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | (против) |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 70 пратеници. Од нив 38 гласале за законот, 3 против и 2 9 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го донесе Законот за плаќање на дополнителна поштенска марка 100 години од основањето на ВМРО.

Со оглед на тоа што се договоривме уште вчера да работиме до 15,00 часот, пред да ја завршам седницата дозволете ми само на верниците од православната вероисповест да им ги честитам божиќните празници.

Седницата заврши во 15,10 часот.